# Упатство за инсталирање

## Daikin HomeHub



**EKRHH ▲**

**▲= , , A, B, C, …, Z**

Упатство за инсталирање
Daikin HomeHub

**македонски**

# Содржина


**1 За овој документ** 2

**2 Специфични безбедносни упатства за инсталатер** 2

**3 За Daikin HomeHub** 3

3.1 Компоненти 3

3.2 Основни параметри 3

3.3 Компатибилност 3

**4 За кутијата** 3

4.1 Да го распакувате Daikin HomeHub 3

**5 Инсталација** 3

5.1 Мерки на претпазливост кога го инсталирате Daikin HomeHub 3

5.2 Побарувања за простор за инсталација 4

5.3 Отворање и затворање на Daikin HomeHub 4

5.3.1 Да го отворите Daikin HomeHub 4

5.3.2 Да го затворите Daikin HomeHub 4

5.4 Поврзување на електричното вжичување 5

5.4.1 За да поврзете електрично вжичување 5

5.4.2 Преглед на електрични поврзувања 5

5.5 Монтирање на Daikin HomeHub 6

5.5.1 За да го намонтирате Daikin HomeHub 6

**6 Стартување на системот** 6

**7 Предавање на корисникот** 6


# 1 За овој документ

**Целна група**

Овластени инсталатери

**Збирка документи**

Овој документ е дел од збирка документи. Целосната збирка се состои од:

- **Општи безбедносни предупредувања:**
  - Безбедносни упатства што мора да ги прочитате пред инсталирање
  - Формат: Хартија (во кутијата на внатрешната единица)
- **Упатство за инсталирање:**
  - Упатства за инсталација
  - Формат: Хартија (доставена во комплетот)
- **Референтно упатство за инсталатер:**
  - Подготовка на инсталацијата, добри практики, референтни податоци, …
  - Формат: Дигитални датотеки на https://www.daikin.eu. Користете ја функцијата за пребарување 🔍 за да го најдете вашиот модел.

Скенирајте го QR-кодот подолу за да ја најдете целата збирка документи и повеќе информации за вашиот производ на Daikin веб-страницата.

Најнова ревизија на доставената документација е објавена на регионалната Daikin веб-страница и е достапна преку вашиот продавач.

Оригиналните упатства се напишани на англиски јазик. Сите други јазици се преводи на оригиналните упатства.

# 2 Специфични безбедносни упатства за инсталатер

Секогаш придржувајте се на следните безбедносни упатства и прописи.

**Општо**

> **ОПАСНОСТ**
>
> Сето вжичување МОРА да се изврши од овластен електричар и МОРА да соодветствува со применливата национална регулатива за вжичување. **Можна последица:** оштетување на имот и струен удар.

> **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
>
> Уверете се дека инсталацијата, сервисирањето, одржувањето и поправката се усогласени со упатства од Daikin и со применлива легислатива (на пример национална регулатива за гасови) и се извршуваат САМО од овластени лица.

**Инсталација (видете "5 Инсталација" [▶ 3])**

> **ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР**
>
> - Исклучете го електричното напојување пред инсталирањето на Daikin HomeHub.
> - НЕ ракувајте со Daikin HomeHub со влажни раце.
> - НЕ дозволувајте Daikin HomeHub да се намокри.
> - НЕ расклопувајте го, не модификувајте го и не поправајте го Daikin HomeHub.
> - ИСКЛУЧЕТЕ го електричното напојување во случај ако Daikin HomeHub се оштети.

> **ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР**
>
> НЕ поврзувајте го и не вклучувајте го електричното напојување пред да го поставите Daikin HomeHub, пред да го поврзете електрично вжичување и пред да сте го затвориле Daikin HomeHub.

> **НАПОМЕНА**
>
> Случаите за користење на Daikin HomeHub се компатибилни со единиците Daikin Altherma и Multi+ (DHW) кои ја имаат најновата верзија на MMI. Уверете се дека фирмверот Hydro е ажуриран на најновата верзија преку Алатката Updater . Видете го референтното упатство за инсталатер за Daikin HomeHub за повеќе детали за компатибилност. Мора да го поврзете Daikin HomeHub со LAN кабел на домашниот интернет.

# 3 За Daikin HomeHub

Daikin HomeHub (EKRHH) е прилагодливо паметно решение кое служи како главен центар за поврзување и контрола на Daikin опремата. Дополнително, Daikin HomeHub исто така функционира како интерфејс за паметно управување со енергија и контрола на домот. Daikin HomeHub дозволува контрола од апликација на системот на топлинска пумпа, и во зависност од моделот дозволува интеграција на системот на топлинска пумпа во апликацијата Smart Grid.

**НАПОМЕНА**

Може да има САМО 1 систем за управување со енергија во домот (HEM) [Daikin HomeHub или трета страна] во домот. Користењето на повеќе HEM системи може да резултира со неправилно работење на еден или повеќе од нив. Во некои посебни случаи, може да се интегрира управител со енергија во домашна батерија или во станицата за полнење EV . Ако во куќата веќе има инсталирано HEM систем, подобро е да се користи Daikin HomeHub како интерфејс.

За повеќе информации за можните случаи на користење и неговата примена погледнете го референтното упатство за инсталатер.

## 3.1 Компоненти

**Долен дел**




| | |
|---|---|
| **a** | DC приклучок за електрична струја (12~24 V) |
| **b** | Етернет порта (LAN1) |
| **c** | USB-порта од тип A (USB1) |
| **d** | Копче за притискање (PB1) |
| **e** | Копче за притискање (PB2) |
| **f** | ЛЕД (Сино) |
| **g** | ЛЕД (Зелено) |

**Горен дел**




**a** Гумени затворачи

## 3.2 Основни параметри

| Параметар | Вредност |
|---|---|
| Снабдување со електрична енергија | DC 12~24 V |
| IP класа | IP20 |

## 3.3 Компатибилност

Во зависност од видот на користење и конфигурацијата на единицита, компатибилноста на Daikin HomeHub со конкретни единици може да се разликува. Случаите за користење на Daikin HomeHub се компатибилни со единиците Daikin Altherma и Multi+ (DHW) кои ја имаат најновата верзија на MMI. Уверете се дека фирмверот Hydro е ажуриран на најновата верзија преку Алатката Updater . За повеќе информации за случаи на конкретната употреба на Daikin HomeHub и општата компатибилност со единици и други системи, видете го референтното упатство за инсталатер.

# 4 За кутијата

Имајте го на ум следново:

- При испораката, единицата МОРА да се провери за оштетување и комплетност. Секое оштетување или делови кои недостасуваат МОРААТ веднаш да се пријават до службеникот за поплаки на превозникот.

## 4.1 Да го распакувате Daikin HomeHub

1. Отворете ја кутијата.
2. Извадете го Daikin HomeHub.
3. Одвојте ги додатоците.




| | |
|---|---|
| **a** | AC/DC адаптер за електрично напојување со регионални приклучоци за струја (ЕУ/ОК) |
| **b** | Шрафови на куќиште (x2) |
| **c** | Шрафови за монтирање (x4) |
| **d** | Дипли (x4) |
| **e** | Упатство за инсталирање |
| **f** | Daikin HomeHub |

# 5 Инсталација

## 5.1 Мерки на претпазливост кога го инсталирате Daikin HomeHub

**ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР**

- Исклучете го електричното напојување пред инсталирањето на Daikin HomeHub.
- НЕ ракувајте со Daikin HomeHub со влажни раце.
- НЕ дозволувајте Daikin HomeHub да се намокри.
- НЕ расклопувајте го, не модификувајте го и не поправајте го Daikin HomeHub.
- ИСКЛУЧЕТЕ го електричното напојување во случај ако Daikin HomeHub се оштети.

## 5.2 Побарувања за простор за инсталација

НЕ инсталирајте Daikin HomeHub на следните места:

- На места каде е изложен на директна сончева светлина.
- На места каде е во близина на извори на топлина.
- На места каде е изложен на извори на пареа.
- На места каде е изложен на испарувања на машинско масло.
- На места каде може да е изложен на вода или на општо влажни области.

Daikin HomeHub е дизајниран:

- Да биде монтиран само на суви, внатрешни локации.
- Да биде инсталиран само во вертикална ориентација.
- Да работи во опсег на амбиентални температури од –10~50°C.

Уверете се дека е можна чиста инсталација на жичани P1/P2 поврзувања.

Имајте ги во предвид следните инсталациски упатства за растојание:




- Обезбедете доволно простор (>100 mm) на горната страна на Daikin HomeHub за да овозможите вжичувањето на местото на инсталирање да влезе низ гумените затворачи.
- Обезбедете доволно простор (>100 mm) на левата и десната страна на Daikin HomeHub, за шрафцигерот да може да влезе за вадење или затегање на шрафовите на куќиштето и за да не се блокираат ниедни отвори за вентилација.
- Обезбедете доволно простор (>100 mm) на долната страна на Daikin HomeHub за да го поврзете Етернет кабелот на долната страна без да го надминете неговиот минимален радиус на свиткување (типично 90 mm).
- Кога го инсталирате Daikin HomeHub во ормар или затворен простор, уверете се дека има доволно простор од предната страна на Daikin HomeHub за да можете да го затворате ормарот или затворениот простор.
- Ставете го Daikin HomeHub во рамки од 2,5 m од кутијата со осигурувачи.

**ИНФОРМАЦИИ**

Исто така прочитајте ги барањата за максимална должина на кабел поставени во "5.4.2 Преглед на електрични поврзувања" [▶ 5].

## 5.3 Отворање и затворање на Daikin HomeHub

### 5.3.1 Да го отворите Daikin HomeHub

1. Извадете ги 2 шрафа на куќиштето на страните на Daikin HomeHub со шрафцигер.
2. Откачете го предниот дел на куќиштето од задниот дел на куќиштето.



### 5.3.2 Да го затворите Daikin HomeHub

1. Прикачете го предниот дел на куќиштето на задниот дел на куќиштето.



2. Нежно притиснете го или прилагодувајте го предниот дел на куќиштето додека не кликне во задниот дел на куќиштето.
3. Ставете ги 2-та шрафа на куќиштето во отворите.
4. Затегнете ги шрафовите.







**X6A** До внатрешна единица (P1/P2 конектор)
**X7A** До внатрешна единица (S21 конектор)– НЕ е поддржано
**X8A** До интерфејсот Modbus (RS-485 конектор)

## 5.4 Поврзување на електричното вжичување

**ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР**

НЕ поврзувајте го и не вклучувајте го електричното напојување пред да го поставите Daikin HomeHub, пред да го поврзете електрично вжичување и пред да сте го затвориле Daikin HomeHub.

**НАПОМЕНА**

Жиците за поврзувањето НЕ се вклучени.

### 5.4.1 За да поврзете електрично вжичување

1. Поврзете ги каблите за напојување со електрична енергија и комуникацискиот кабел (кабли) на соодветните терминали. (Видете ги следниве слики по случај на користење)
2. Осигурете намалување на напрегањето со фиксирање на каблите со ленти за кабел (се набавува на лице место) за склопките со лента за кабел во Daikin HomeHub.




### 5.4.2 Преглед на електрични поврзувања

**Конектори**

**Поврзувања**

**ИНФОРМАЦИИ**

**Вжичување од горниот дел.** Извадете ги затворачите од задниот дел на куќиштето кога го поврзувате електричното вжичување. Пред повторно да ги ставите затворачите во отворите, пресечете ги со скалпел, за да овозможите жиците да влезат во Daikin HomeHub низ затворачите. Затворачите МОРА да бидат ставени во отворите пред да ги вметнете жиците во Daikin HomeHub.




**Внатрешна единица (P1/P2)**

| | |
|---|---|
| | Конектор X6A (завршеток за шраф) |
| | Видете го упатството или друга достапна документација за внатрешната единица |
| | Користете само усогласена жица која обезбедува двојна изолација соодветна на применливиот напон.<br>Големина на жица: 0,75–1,25 mm²<br>Максимална должина: 500 m |
| | Напон: 16 V DC — 120 mA |

**Интерфејс Modbus (RS-485)**

| | |
|---|---|
| | Конектор X8A (завршеток за шраф) |
| | Видете го упатство за инсталирање на управителот со енергија во домот (HEM) или Контролерот за потрошувачка на енергија |
| | Користете само усогласена жица која обезбедува двојна изолација соодветна на применливиот напон.<br>Големина на жица: 0,75–1,25 mm²<br>Максимална должина: 500 m |

## 5.5 Монтирање на Daikin HomeHub

Daikin HomeHub се монтира на ѕид или друга рамна површина со правење отвори на задниот дел на куќиштето. Монтирање на Daikin HomeHub на DIN-шина (се набавува на лице место) исто така е можност.

### 5.5.1 За да го намонтирате Daikin HomeHub

**Монтирање на ѕид**

**Предуслов:** Предниот дел на куќиштето на Daikin HomeHub се вади.

1. Одредете го местото на монтирање на Daikin HomeHub. Видете "5.2 Побарувања за простор за инсталација" [▸ 4] за повеќе информации.
2. Издупчете отвори за диплите и ставете ги диплите.
3. Монтирајте го задниот дел од куќиштето на ѕидот со ставање и затегање на 4-те вклучени шрафови за монтирање.



**Монтирање на DIN-шина**

**Предуслов:** Предниот дел на куќиштето на Daikin HomeHub се вади.

1. Одредете го местото на монтирање на Daikin HomeHub. Видете "5.2 Побарувања за простор за инсталација" [▸ 4] за повеќе информации.
2. Поврзете ги DIN деловите за шина на задниот дел на Daikin HomeHub и зацврстете ги со шрафови.
3. Монтирајте го Daikin HomeHub на DIN-шина (се набавува на лице место), со користење на штипките на задниот дел на Daikin HomeHub за да влезат на шината и да кликнат на своето место.



# 6 Стартување на системот

Daikin HomeHub е напојуван од вклученото електрично напојување. За упатства за тоа како да го конфигурирате Daikin HomeHub за случај на конкретно користење, видете го референтното упатство за инсталатер.

**НАПОМЕНА**

Случаите за користење на Daikin HomeHub се компатибилни со единиците Daikin Altherma и Multi+ (DHW) кои ја имаат најновата верзија на MMI. Уверете се дека фирмверот Hydro е ажуриран на најновата верзија преку Алатката Updater . Видете го референтното упатство за инсталатер за Daikin HomeHub за повеќе детали за компатибилност. Мора да го поврзете Daikin HomeHub со LAN кабел на домашниот интернет.

# 7 Предавање на корисникот

Откако сте го инсталирале и конфигурирале Daikin HomeHub, предадете му го упатството за инсталирање на корисникот и запознајте го/ја со безбедносните предупредувања.



4P702816-1 C 0000000$

Copyright 2022 Daikin

**DAIKIN EUROPE N.V.**
Zandvoordestraat 300, B-8400 Oostende, Belgium

4P702816-1C 2024.05